ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-189/12

Дата: 07.12.2010

ДО
ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗООЛОШКА ГРАДИНА НА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје Република Македонија (во понатамошниот текст Зоолошка градина), сметка на основен буџет (603) за 2009 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје сметка на основен буџет за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

Од страна на раководното лице-законскиот застапник на Зоолошка градина добиени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година. Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и истите не ги прифати.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 8 до 10) заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје на сметката на основен буџет за 2009 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 годината и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Анастас Петров, вршител на должноста директор во период од 08.10.2005 година до 02.11.2006 година, а од 03.11.2006 година до 09.11. 2009 година директор и

- Дане Кузмановски вршител на должноста директор во период од 10.11.2009 година до 28.04 2010 година, а од 29.04.2010 година до денот на ревизијата директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие

стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.06.2010 до 30.07.2010 година кај Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 21.09.2010 година.
На ден 03.11.2010 година со писмо број 02-587/3 од 01.11.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-189/6 од 13.10.2010 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот односно доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки или се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 3.1. Користење на средствата согласно законските прописи

3.1.1. Зоолошката градина во известувачкиот период пристапила кон доделување на договори за јавни набавки на стоки, услуги и работи, во вкупна вредност од 14.762 илјади денари чија реализација заклучно со 31.12.2009 година изнесува 5.198 илјади денари. Во известувачкиот период извршена е реализација на договорите за јавни набавки од претходниот период во износ од 15.681 илјади денари. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки за сметката основен буџет, во делот на набавка на работи (работи-рушење на живеалишта на животните и сл.) констатирано се состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и Уредбата за канцелариско и архивско работење во износ од 149 илјади денари. Имено барањата за прибирање на понуди кои се доставуваат до понудувачите не се заведуваат во деловодникот, а понудите доставени од понудувачите за постапката за јавни набавки не се заведуваат во основната евиденција-деловодник, не се води интерна доставна книга, во која ќе бидат заведени барањата или друга документација од постапките за јавни набавки, а ковертите од понудите не се чуваат во досието за постапката за јавна набавка, со што се оневозможува увидот во датумот на приемот на истите кај договорниот орган.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 13 и 14 од Уредбата за канцелариско и архивско работење кои упатуваат на обврската на договорниот орган примените акти задолжително да ги заведе во деловодникот и можноста од водење на помошни книги и член 172 од Законот за јавни набавки кој упатува на обврската договорниот орган да го чува досието од постапките за јавни набавки најмалку 5 години од денот на извршувањето на соодветниот договор за јавна набавка.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од необезбедување на фер

конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

По одржувањето на завршниот состанок а пред издавањето на ревизорскиот извештај од страна на ЈУ Зоолошка градина на град Скопје-Скопје до ревизијата е доставена копија од „Книга за евиденција за јавни набавки", по која ревизијата не обезбеди разумно уверување дека податоците содржани во истата се ослободени од погрешни прикажувања.

**Препораки:**

Надлежниот орган за раководење со Зоолошка градина да превземе мерки за пропишување и имплементација на политики и процедури за начинот за спроведување на постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење - за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 06.12.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
|---|---:|---:|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 7,897 | 8,116 |
| **Вкупно приходи** | **7,897** | **8,116** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 1,177 | 63 |
| Стоки и услуги | - | 1,790 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,177** | **1,853** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 6,720 | 6,263 |
| **Вкупно капитални расходи** | **6,720** | **6,263** |
| **Вкупно расходи** | **7,897** | **8,116** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 131 | 66 |
| **Вкупно тековни средства** | **131** | **66** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 1,592 | 3,251 |
| **Вкупно постојани средства** | **1,592** | **3,251** |
| **Вкупна актива** | **1,723** | **3,317** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 131 | 66 |
| **Вкупно тековни обврски** | **131** | **66** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,592 | 3,251 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1,592** | **3,251** |
| **Вкупна пасива** | **1,723** | **3,317** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **3,251** | **3,251** | |
| **Зголемување по основ на:** | **7,071** | **7,071** | |
| Набавки | - | | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 7,071 | **7,071** | |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **8,730** | **8,730** | |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| Завршена инвестиција - пренос на 903 | 8,730 | **8,730** | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **1,592** | **1,592** | |

ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје
Булевар "Илинден" 88
МК-1000 СКопје
т: +389 2 32 20 578
ф: +389 2 31 16 657
е: zooskopje@yahoo.com

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 03.11.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 189 | 11 | |

02 – 587/3
01.11.2010

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД АЗ РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Одговор по нацрт извештај бр.11-189/9

Во прилог Ви доставуваме одговор по нацрт извештај за извршена ревизија со прилози.

Секретар
Крстевска Мирјана

ЈАВНА УСТАНОВА ЗООЛОШКА ГРАДИНА НА ГРАД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK KOPSHT ZOOLOGJIK I QYTETIT TË SHKUPIT
SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË
Бр. No. 03-587/2
01. 11. 2010 год. viti.
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје
Булевар "Илинден" 88
МК-1000 СКопје
т: +389 2 32 20 578
ф: +389 2 31 16 657
е: zooskopje@yahoo.com

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Главен Државен Ревизор**
**Г-ѓа Тања Таневска**

**Предмет:** Одговор – забелешки на Ваш нацрт извештај за извршена ревизија во нашата установа

Во врска со Вашиот нацрт извештај за извршена ревизија, заведен под Ваш број 11-189/9 од 13.10.2010 година, ги изнесуваме следниве забелешки:

Во врска со ревизијата на сметка на расходи од буџет на дотации – 903, во целост Ви го даваме приговорот изготвен од нашиот одговорен сметководител Петровска Вера, како прилог на ова наше писмо, заедно со финансиските налози бр.0001 и финансиски налог број 0010.

Во однос на постапките за јавни набавки (барања за прибирање на понуди без објавување на оглас), барањата за прибирање на понуди кои се составен дел на изготвената тендерска документација, тендерската документација е заведена во Деловодникот на Установата со деловоднички број, исто така се води книга за испратена пошта од која може да се види до кого се пратени поканите, како и книга на приемна пошта, како и доставници.

Во однос на забелешката за несклучени договори истакнуваме дека за сите реализирани постапки се склучени договори освен за набавките каде се врши еднократна набавка, при што не се скучени договори, а има доставено фактури. Согласно Законот за јавни набавки во евиденцијата на постапки со барање за прибирање понуди без објавување на оглас кои ги доставуваме до Бирото за јави набавки во делот за склучен договор/добиени фактура стои вредност на склучен договор/фактура со ддв, број на договор/фактура, датум на договор/фактура. Доставена Ви е на увид книгата за основна евиденција, во која се заведени сите барања и друга документација, а во врска со постапките за јавни набавки. Истата во моментот на вршењето на ревизија не била ставена на увид на ревизорите но, веднаш по тоа, по нивната забелешка, истата е доставена, и затоа сметаме дека оваа примедба треба да се корегира и истата да не биде вметната во конечната форма на Вашиот извештај.

Во врска со одобренијата за градба сакаме да Ве известиме дека веднаш по Вашите примедби реагиравме и доставивме барање до општина Карпош за итно изготвување на нов детален урбанистички план, со што би се уредиле сите недостатоци по однос на Вашите примедби за упишување во јавна книга на сите изведени градежни објекти до сега. Од општина Карпош добивме позитивен одговор и се надеваме дека во наредните 6 месеци ќе се изготви новиот ДУП каде ќе се регулираат Вашите примедби од таа сфера.

Што се однесува до помошната евиденција за бројот, видот и полот на животните во Градината, Ве информираме дека во моментот на одвивањето на ревизијата, нашиот биолог кој ја води таа проблематика беше на годишен одмор, и од тие причини не можевме во моментот на ревизијата да Ви презентираме евиденција на истите. Сега во прилог на овој наш допис Ви доставуваме список на видови, бројоност и пол на животните во Зоолошката градина, од кој се гледа дека евиденцијата уредно се води од наша страна.

Исто така во прилог на ова писмо Ви доставуваме и список за количини на дневна храна, поединечно по вид на животно, за што во текот на 2009 година признаваме дека не е педантно водено, меѓутоа од 01.01.2010 година истото се применува.

Што се однесува до презентирање на склучен договор помеѓу директорот на Зоолошка градина и Градоначалникот на Град Скопје за уредување на меѓусебните права и односи, можеме да кажеме дека не сме биле информирани од страна на Град Скопје дека е потребно склучување на таков договор, а сметаме дека тие биле компетентни да не информираат бидејќи Град Скопје е одговорен и надлежен за нашата Јавна Установа. Веднаш по добивањето на овие забелешки го информиравме одговорниот сектор во службите на Град Скопје и истите не информираа дека се во постапка на изготвување на менаџерски договори и веднаш по изготвувањето ќе се пристапи кон нивно потпишување.

Што се однесува до уплата на дневниот пазар прифаќаме дека во текот на 2009 година не бил уплатуван секојдневно, меѓутоа со моето доаѓање како Директор на Јавната Установа извршена е корекција, и од 01.01.2010 година истиот навремено и ажурно се уплатува секој ден.

Што се однесува до забелешките во врска со релизација на јавната набавка на материјали за тековно и инвестиционо одржување, при што е надминат максималниот износ од 5000 евра во денарска противредност, го прифаќаме како грешка во целост, меѓутоа би сакал да напоменам дека истото се случило од причина што смената на директорската функција е направена на крајот од годината 2009, значи на крај од календарската година, при што јас немав доволно време да извршам увид во сите јавни набавки до каде се, а ова е една од специфичните јавни набавки каде што немајќи време да се избере нов понудувач, а се работи за специфична работа, направен е превид кој што веднаш во наредниот период е исправен.

Се надеваме дека во склад со позитивната законска регулатива ќе ги прифатите овие наши одговори и забелешки на Вашиот нацрт извештај и ќе ги вметнете во финалниот извештај.

Со почит,

Директор
Дане Кузмановски

## ОДГОВОР

## На забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Раководното лице (законскиот застапник) на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Јавна Установа Зоолошка градина на Град Скопје-Скопје достави забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката основен буџет (603) кои се заведени под број 11-189/11 од 03.11.2010 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и истите не ги прифати поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки или се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата. Деталните објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение и тоа како што следува:

1. Упатените забелешки од законскиот застапник кои се однесуваат на констатацијата наведена во точка 3.1.1 од Нацрт извештајот од сметката на основен буџет дека барањата за прибирање на понуди кои се доставуваат до понудувачите не се заведени во деловникот, не секогаш се склучуваат договори за јавни набавки, а понудите доставени од понудувачите за постапката за јавни набавки не се заведуваат во основната евиденција-деловник, не се води интерна доставна книга во која ќе бидат заведени барањата или друга документација од постапките за јавни набавки, а ковертите од понудите не се чуваат во досието за постапката за јавна набавка, со што се оневозможува увидот во датумот на приемот на истите **не се прифаќа** поради недоставување на нови докази. Имено по одржување на завршниот состанок, а пред издавање на ревизорскиот извештај од страна на Зоолошката градина до ревизијата е доставена копија од “Книга за евиденција за јавни набавки” по која ревизијата не обезбеди разумно уверување дека податоците содржани во истата се ослободени од погрешни прикажувања.

Скопје, 18. 11 2010 година